Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 год.), а согласно член 118 став 3 од Законот за животна стрдина ( "Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14,44/15) Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

Република МакедонијаМинистерство за животна средина и просторно планирањеБул."Гоце Делчев" бб1000 Скопје,Република МакедонијаТел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mkСајт: www.moepp.gov.mk

## РЕШЕНИЕ

За Целосен пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола за ПГТУ Хулуси КОМЕРЦ ц.о Куманово на операторот ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Куманово.

## Образложение

ПГТУ Хулуси КОМЕРЦ ц.о Куманово на 14.04.2015 год. доби А – Интегрирана еколошка дозвола (дозвола бр. 11-3559/2).

На ден 13.07.2015 година од страна на ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Куманово доставено е барање за пренос на А- интегрирана еколошка дозвола со пополнет образец со потпис и печат од страна на носителот на дозволата ДГТУ Хулуси Комерц Исмаил ДООЕЛ со управител Исмаил Османи и превземачот на дозволата ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Куманово со управител Агим Латифи.

Согласно Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија, ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Куманово е нов сопственик на инсталацијата за која е издадена предметната дозвола. Согласно член 118 став 1 од Законот за животна средина и просторно планирање ( "Службен весник на

Република
МакедонијаМинистерство
за животна средина
и просторно
планирањеБул."Гоце Делчев"
бб1000 Скопје,Република
МакедонијаТел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mkСајт: www.
moepp.gov.mk

Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14,44/15) Министерот за животна средина и просторно планирање извршува целосен пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола бр. 11-3559/2 од 14.04.2015 год. , од операторот од која се пренесува дозволата ДГТУ Хулуси КОМЕРЦ ц.о Куманово, на операторот на кој се пренесува дозволата – ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Куманово.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

**Правна поука:** Незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

МИНИСТЕР

Nurhan Izairi

Изработил:
Назим Алити

Одобрил; Директор на Управа за животна средина
Игор Трајковск